2014

# УЧИЛИШТЕН РАЗВОЕН ПЛАН



*„Учењето е доживотна авантура,*

*започнува со раѓањето и трае цел живот“*



**ООУ „11 Октомври“ - Куманово**

# СОДРЖИНА

ПРВО ПОДРАЧЈЕ

Вовед
Краток профил на училиштето
Краток историјат за работата на училиштето
Специфичности на училиштето
Преглед на постоечки ресурси на училиштето

ВТОРОПОДРАЧЈЕ

Податоци за воспитно-образовна работа на училиштето
Податоци за развиеност на училиштето
Број на ученици по паралелки
Награди добиени на натпревари и среден успех на учениците
Ученици на генерација
Вработени наставници во училиштето
Соработка на училиштето со институции
Фактори кои влијаат врз развој на училиштето

ТРЕТО ПОДРАЧЈЕ

Резултати и заклучоци од последната самоевалуација
Резултати и заклучоци од интегрална евалуација
СВОТ-анализа (наши слаби и јаки страни, можности на училиштето и препреки кои можат да ја отежнат)
Мисија и визија на училиштето
Приоритети за подобрување на работата на училиштето

ЧЕТВРТО ПОДРАЧЈЕ

Развојни цели
Фактори на поддршка
Стратегии
Задачи и активности

ПЕТТО ПОДРАЧЈЕ

План за евалуација на предвидените цели
Заклучок

# Вовед

Потребата од подолгорочно и систематско планирање на животот и работата на училиштетонаметна  ООУ „11 Октомври“ - Куманово уште од 2004 год. да стане едно од првите училишта во Република Македонија кое го воведе развојното планирање во тековното работење.

Поаѓајќи од Законот за основното образование, самоевалуацијата на сопственото работење, евалуацијата на работата на училишните тимови, успехот и напредокот на учениците и развојното планирање претставува добра основа за квалитетно, експлицитно и ефективно планирање на училишната динамика.

## Краток профил на училиштето

### Лична карта на училиштето

| | | | |
|---|---|---|---|
| Целосен назив на училиштетои подрачните училишта | ООУ„11Октомври“ | | |
| Адреса, општина | Ул.„Тодор Велков“ б.б.,<br>1300 Куманово | | |
| Телефон | 031/424-235 | | |
| Телефакс | 031/424-235 | | |
| Верификација - бр. на актот | 09-1710/3 | | |
| Е- адреса | oou11oktomvrikumanovo@gmail.com | | |
| Патронат (ден на училиштето) | 11Октомври | | |
| Внатрешна површина (м$^2$) | 8.464м$^2$ Централно училиште | 334 м$^2$ с. Д. Којнаре | 234 м$^2$ с. Речица |
| Површина на дворно место (м$^2$) | 1.987 м$^2$ Централно училиште | 4.562 м$^2$ с. Д. Којнаре | 7.625 м$^2$ с. Речица |

| | |
|---|---|
| Површина на спортски терени и игралишта | 272м$^2$спортска сала, 5.000 м$^2$ спортски терени и игралишта |
| Начин на загревање на училиштето | Централно училиште со природен гас,подрачни училишта со огревно дрво |
| Број на одделенија | 9 |
| Број на ученици | 573 |
| Наставен јазик | Македонски јазик |
| Број на работни смени | 2 |

## Краток историјат за работата на училиштето

ООУ „11 Октомври“ од Куманово е формирано во 1964 година. Се наоѓа во централното градско подрачје на улица: „Тодор Велков “ б.б. Неговата изградба е поврзана со потребата на општината за опфаќање на сите училишни обврзници кои гравитираат во овој реон познат по својата мултиетничка структура.
Во почетокот училиштето работело со 12 паралелки и 41 вработен. Наставата се изведувала во кабинети со што училиштето било прво од таков вид во градот.
Поради зголемување на бројот на учениците во училиштето, поголемиот дел од кабинетскиот простор бил пренаменет во училници.
Заради прифаќање на учениците од приградските населби, кон училиштето се приклучени две подрачни училишта и тоа во с. Долно Којнаре и во с. Речица. Во периодот од 1979 година до 1991 година во состав на училиштето беше и подрачното од населба Карпош кое подоцна прерасна во самостојно училиште.

## Специфичности на училиштето

Особена карактеристика по која училиштето се разликува од другите во градот е тоа што отсекогаш во неговиот состав имало ученици од најразлична националност. Сега, наставата во централното и подрачните училишта се изведува на македонски наставен јазик. Поголем број од учениците се од македонска и српска националност, додека останатите се од ромска националност. Образовно-социјалниот статус на родителите е низок, што се рефлектира врз целокупниот живот на нашите ученици, посебно во совладување на наставниот материјал. Низа години наназад училиштето се соочува со недостиг од материјални средства за реконструкции, санирање и одржување на ентериерот и екстериерот, но во поново време со донации и проекти се овозможи обновување и санирање на дел од просторот за учениците и вработените.

# Преглед на постоечки ресурси на училиштето

## Материјално-технички ресурси

| Ресурс | Вкупен број | Површина (м$^2$) | Состојба (*да се оцени од 1 - 5*) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Училишни згради | 1 централно училиште, 2 подрачни училишта | 8.464м$^2$ Централно училиште<br>334м$^2$ с. Д.Којнаре<br>234 м$^2$ с. Речица | 3 | Да се реновира спортската сала, да се уреди училишниот двор и хол со цвеќиња, Реновирање на кабинетите во вториот ходник од десната страна. |
| Кабинети | 21 | 56м$^2$ | 4 | Недоволно опремени кабинети со нагледни средства за одделни предмети. Реновирање на кабинетите. |
| Библиотека - медијатека | 1 | 56м$^2$ | 4 | Да се набават нови учебници за ученици особено за VII одд. бидејќи учебниците се во неупотреблива состојба. |
| Училници во подрачните училишта | 10=6 во с. ДолноКојнаре и 4 во с. Речица | 40м$^2$ | 4 | Да се смени подот во стариот дел на подрачно училиште во с.Д. Којнаре. |
| Сала за фискултура | 1 | 272м$^2$ | 4 | Да се направи нова фискултурна сала со сите потребни справи и средства за работа. Да се набават спортски реквизити |
| Канцеларии, холови | 6 канцеларии; 4 холови | 60м$^2$<br>750м$^2$ | 4 | Да се реновира подот во канцелариите и да се сменат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | старите прозорци. |
| Наставни и нагледни средства (*слики, модели, постери, прибор, карти и сл.*) | 20 слики, 30 модели, 10 карти | / | 4 | Да се набават нови нагледни средства (нови карти,слики и модели). |
| Книги за ученици и стручна литература за наставници | Литература за деца (4500 книжевни дела)<br>Стручна литература за наставници (350 книжевни дела) | / | 4 | Да се набави стручна литература, речници, сликовници, карта на Велика Британија и др. |
| Друго: | / | / | / | / |

1 - незаводолителна, 2 - задоволителна, 3 - добра, 4 – многу добра, 5 – одлична

## Информатичко-технолошки (ИКТ) ресурси

| Вид на опрема | Број |
|---|---|
| Компјутери | 168 |
| Машина за фотокопирање | 1 |
| Печатач | 3 |
| ЛЦД-проектор | 3 |

## Човечки ресурси

| Професионален профил | Број | Степен на стручна подготовка | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ВШС | ССС | НС |
| Одделенски наставници | **18** | **14** | **4** | | |
| Предметни наставници | **30** | **26** | **4** | | |
| Директор | 1 | ВСС | | | |
| Помошник-директор | 1 | ВСС | | | |
| Педагог | 1 | ВСС | | | |
| Психолог | 1 | ВСС | | | |
| Библиотекар | 1 | ВСС | | | |
| Административно-финансиски персонал | 2 | 1 | 1 | | |
| Помошен технички персонал | 11 | | | 3 | 8 |
| Вкупно вработени во училиштето | 66 | 46 | 9 | 3 | 8 |

| Работен стаж | Пол: | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | |
| До 10 години | 6 | 20 | 26 |
| Од 10 до 20 години | 3 | 11 | 14 |
| Од 20 до 30 години | 6 | 13 | 19 |
| Над 30 години | 1 | 6 | 7 |
| Вкупно: | 16 | 50 | 66 |

## Податоци за воспитно-образовна работа на училиштето

## Подрачје на работа и организација на настава

| Видови на настава | Органи и тела | Подрачја на работа | Наставни планови и програми | Воннаставни активности | Слободни ученички активности |
|---|---|---|---|---|---|
| Задолжителна настава со предметиза одделенска и предметна настава пропишани од МОН и БРО | Училиштен одбор | Наставни планови и програми | Од I – IIIодд. ќе се применуваат нови наставни планови и програми по Cambridge метода | Општествено – корисна работа | Секции за проширување на знаења, секции за странски јазици, млади информатичари ,хемичари, физичари, биолози и еколози, математичари, географи и историчари |
| Изборна настава со предмети за одделенска и предметна настава пропишани од МОН и БРО | Директор | Постигања на учениците | Наставни планови и програми за сите предмети од IV – IXодд. пропишани од МОН и БРО | Заедници на учениците ( заедница на паралелката и училишна заедница) | Културно-уметнички секции-литературна, драмска, рецитаторска и ликовна |
| Дополнителна настава за сите ученици кои имаат потреба од подобрување на знаењето и училишниот успех | Наставнички совет | Учење и настава | Наставни планови и програми за изборни предмети пропишани од МОН и БРО | Ученички натпревари | Секции за слободни технички активности-градежно макетарство и сообр.секција |
| Додатна настава за сите ученици кои покажуваат напредување и талентираност во проширување на знаењата | Совет на родители | Поддршка на учениците | Сите наставници изработуваат сопствени планирања и програми (годишни, тематско-процесни и дневни; програма за одд. час, за допол.идод. настава, СУА, воннаст. акт., екологија, ученици со ПОП, талентирани и примена на ИКТ). | Ученички екскурзии | Секции на слободни спортски активности – кошарка, ракомет, мал фудбал, атлетика, одбојка и пинг – понг. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Продолжителна настава за ученици кои на крајот на учебната година покажуваат послаби знаења | Одделенски совети – одделенска и предметна настава | Училишна клима и односи во училиштето | | Грижа за здравје на ученици | |
| | Стручни активи за одделенска и предметна настава | Ресурси | | | |
| | | Управување раководење и креирање на политики | | | |
| | | Соработка со родители и локална средина | | | |

## Податоци за развиеност на училиштето

Училиштето е од четврти степен на развиеност и има вкупно34 паралелки во ЦОУ и подрачните училишта (10 од I до V одд.во одделенска настава и 16 од VI – IX во ЦОУ, 5 чисти паралелки во подрачното училиште во с.Долно Којнаре и 3 од кои една чиста и две комбинирани паралелки во подрачното училиште во с. Речица).
Поради заминување на привремена работа на децата од ромска националност со родителите, во одделенска настава има намалување на бројот на учениците неколку години наназад.
Како втора причина за намалување на бројот на учениците е намалениот наталитет и преселбите на семејствата што е забележливо во сите училишта од Општината.
Образовниот и социјалниот статус на родителите на учениците од училиштето е доста неповолен и сето тоа се одразува врз нивниот целокупен раст и развој.

## Број на ученици по паралелки во одделенска настава

| Учебна година | Број на запишани ученици | | | | | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I одделение | II одделение | III одделение | IV одделение | V одделение | |
| 2011/12 | 56 | 55 | 57 | 65 | 53 | 286 |
| 2012/13 | 60 | 52 | 50 | 57 | 70 | 289 |
| 2013/14 | 49 | 56 | 54 | 43 | 56 | 258 |

## Број на ученици по паралелки во предметна настава

| Учебна година | Број на запишани ученици | | | | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| | VI одделение | VII одделение | VIII (9) одделение | VIII (8)одделение | |
| 2011/12 | VI-8-86<br>VI-9-95 | 88 | / | 68 | 339 |
| 2012/13 | 72 | VII-8-82<br>VII-9-88 | / | 80 | 322 |
| 2013/14 | 78 | 71 | 88 | 78 | 315 |

## Награди добиени на натпревари

| Награди | Вид на натпревар | Име и презиме на ученик | Одд. | Наставник ментор |
|---|---|---|---|---|
| Iместо | Хорско – оркестарски смотри 2012 г. | 36 ученика | VI- VIII | Ивана Пешевска |
| I место и II место | Општински натпревар по физика „Technoscience“ 2011/12 г. | Сандра Тасевска<br>Јелена Јаневска | VIII в | Соња Трајковска |
| I место | Општински натпревар по рецитирање | Александра Начковиќ | V б | Елизабета Топшиова |
| I место и II место | I б ликовен конкурс- „Мојата учителка, мојот учител“2012/13г. | Ангела Денковиќ<br>Александар Милановски | III а<br>V б | Станче Станковска<br>Елизабета Топшиова |
| II место | Натпревар по математика „Кенгур“ 2012/13 г. | Михаела Ангелова<br>Стефан Божиновски<br>Андреј Михајловски<br>Андреј Денковиќ | I б<br>I Д.К. | Зорица Јакимовска<br>Емилија Станојковска |
| I место | Општински натпревар ФУТСАЛ 2013/14 г. | Тим од ученици | VIII-8 | Зоран Митрички |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I место | Зонско првенство ФУТСАЛ 2013/14 г. | Тим од ученици | VIII-8 | Зоран Митрички |
| I место | Регионален натпревар ФУЦАЛ 2013/14 г. | Тим од ученици | VIII-8 | Зоран Митрички |
| I место | Државен натпревар ФУТСАЛ 2013/14 г. | Тим од ученици | VIII-8 | Зоран Митрички |
| I место | Општински зонски натпревар во фудбал 2013/14 г. | Тим од ученици | VIII-8 | Зоран Митрички |
| II место | Манифестација „Спорт да-дрога не“ 2013/14 г. | Тим од ученици | VIII-8 | Зоран Митрички |
| II место | Атлетика (трчање 100 и 300 м.) 2013/14 г. | Гоце Насковски | VIII-8 г | Зоран Митрички |
| Најдобар настап | Маскенбал „Батко Ѓорѓија“ 2013/14 г. | Група ученици | VIодд. | Александар Стефановски |
| I место | Литературен конкурс по повод патронен празник 2013/14 г. | Стефани Максимовска | IV б | Катерина Додиќ |
| I место и III место | Регионален натпревар по биологија 2013/14 г. | Виктор Николиќ<br>Јована Антевска<br>Александра Стаменковиќ<br>Никица Спсовски | VIII-9 б<br>VIII-9 в<br>VII- б | Јелена Павловска |
| III- место | Општински натпревар по математика 2013/14 г. | Петар Стојановиќ | VII- г | Марина Милосављевиќ |

## Среден успех на учениците

| Учебна година | Среден успех |
|---|---|
| 2011/12 | **3,76** |
| 2012/13 | **3,72** |
| 2013/14 | **3,74** |

## Ученици на генерација

| Учебна година | Име и презиме на ученикот | Одделение |
|---|---|---|
| 2011/12 | Анета Трајановска | VIII-г |
| 2012/13 | Ангела Јакимовска | VIII-в |
| 2013/14 | Тамара Митровска | VIII-8а |

## Вработени наставници во училиштето

| Име и презиме | Предмет по кој изведува настава | Забелешка |
|---|---|---|
| Николина Манојловска | Одделенска настава | |
| Зорица Јакимовска | Одделенска настава | |
| Емилија Станојковска | Одделенска настава | |
| Виолета Станковска | Одделенска настава | |
| Маја Максимовска | Одделенска настава | |
| Љубица Маневска | Одделенска настава | |
| Дејана Алексовска | Одделенска настава | |
| Вукица Ристевска | Одделенска настава | |
| Весна Кимевска | Одделенска настава | |
| Елизабета Топшиова | Одделенска настава | |
| Ивана Мишиќ | Одделенска настава | |
| Славица Серафимовиќ | Одделенска настава | |
| Драгица Цветковиќ | Одделенска настава | |
| Живка Лазаревска | Одделенска настава | |
| Лепосава Пешиќ | Одделенска настава | |
| Станче Станковска | Одделенска настава | |
| Катерина Додиќ | Одделенска настава | |
| Гордица Крајиновиќ | Одделенска настава | |
| Јасмина Арсовска | Англиски јазик во одд. настава | |
| Славица Стојчевска | Англиски јазик во одд, настава | |
| Емилија Калешова | Природни науки во одд.настава | |
| Жаклина Митрушева | ТО во одд.и Информатика во предм.настава | |
| Бобан Ничевски | Англиски јазик во одд. и предм. настава | |
| Ненад Начковски | Етика и класичната култура во европската цивилизација | Дополнува од друго училиште |
| Маја Ристиќ- Кипријановска | Италијански јазик | |
| Јасмина Апостоловска | Англиски јазик | |
| Јелена Антиќ-Велковска | Англиски јазик | |
| Зинка Петковиќ | Француски јазик | |
| Душан Трајковски | Германски јазик | Дополнува од др.училиште |
| Горица Јеремиќ | Македонски јазик | |
| Елизабета Тодоровска | Македонски јазик | |

| | | |
|---|---|---|
| Габриела Младеновска | Македонски јазик | |
| Жаклина Јанчевска | Македонски јазик | Дополнува од др.училиште |
| Снежана Ристовска | Математика | |
| Соња Трајковска | Математика | |
| Марина Милосављевиќ | Математика | |
| Марија Стаменковска | Математика | Дополнува од др.училиште |
| Наташа Станковска | Физика | Дополнува од др.училиште |
| Чедомир Спасовски | Физика | Дополнува од др.училиште |
| Магдалена Јовановска | Хемија | |
| Јелена Павловска | Биологија | |
| Весна Благојевиќ | Истражување на родниот крај | Дополнува од др.училиште |
| Катерина Ѓорѓевиќ | Географија и Природни науки и техника | |
| Ненад Јакимовски | Географија | |
| Каролина Стојковска | Историја и Граѓанско образование | |
| Маргица Кузмановска | Историја | |
| Александар Стефановски | Ликовно образование | |
| Далибор Антевски | Информатика и Програмирање | |
| Зоран Митрички | Физичко и здравствено образование | |
| Марина Стојчевска | Физичко и здравствено образование | |
| Филип Колевски | Физичко и здравствено образование | Дополнува од др.училиште |
| Ивана Пешевска | Музичко образование | |
| Тања Тодоровска | Музичко образование | Дополнува од др.училиште |
| Бојан Трајчев | Музичко образование | Дополнува од др.училиште |

## Соработка на училиштето со други институции

Заради остварување на својата воспитно-образовна улога како и подобрување и надградување на својата едукативна дејност, училиштето соработува со голем број на институции од Општината и Републиката.
Освен со сите основни и средни училишта, училиштето континуирано соработува со повеќе институции кои се од големо значење за неговата работа и тоа: Центарот за социјални работи, Градската библиотека „Тане Георгиевски“, Градскиот музеј - Куманово, Центарот за култура „Трајко Прокопиев“, Уметничката галерија, МВР, Училишната амбуланта, ДПИ и БРО-подрачна единица Куманово со Секторот за образование при локалната самоуправа на Општина Куманово, НВО и др.
На ниво на Републиката, училиштето соработува со МОН, БРО, основни и средни училишта, УНИЦЕФ, ФООМ, МЦГО и др.

## Фактори кои влијаат врз развој на училиштето

Врз развојот на училиштето во голема мера влијаат најразлични фактори како субјективни така и објективни. Од субјективните фактори, голема улога играат односите меѓу сите релевантни субјекти (учениците, наставниците и родителите) од кои зависи атмосферата и климата за работа, мотивираноста, ангажираноста и желбата за континуирано напредување.
Како многу значаен и битен фактор е образовната и социјалната структура на родителите чии деца учат во нашето училиште, посебно кога станува збор за пружање на соодветна помош при совладување на наставниот материјал и стиловите на воспитување.
Објективните фактори се поврзани со развојот на општествените односи во Општината и Републиката, негативната демографска состојба, миграцијата на населението, одењето на сезонска и привремена работа во и надвор од државата, нарушените односи во семејството, различните видови на злоупотреба на децата и сл.
Сите наведени фактори имаат големо влијание врз севкупната работа на училиштето, посебно врз напредокот на ученичките постигања и подигањето на квалитетот и нивото на воспитно-образовната дејност во целина.

# Евалуација на училиштето

## Заклучоци од последната самоевалуација

Од последната  самоевалуација на училиштето произлегоа следниве сознанија како заклучоци:

1. Наставниците редовно и навремено изготвуваат годишни,тематско-процесни и дневни планирања.
2. Училиштето соработува со повеќе НВО кои даваат поддршка и помагаат во намалување на отсипувањето и подобрувањето на успехот и редовноста на учениците од ромска националност.
3. Наставниот кадар има посетено голем број семинари и обуки организирани од соодветни институции и применува современи методи и форми на реализирање на наставата и оценувањето.
4. Училиштето води грижа за хармоничен, интелектуален, емоционалени социјален развој на учениците, така што во училиштето се изготвени сите потребнидокументи со кои се предвидуваат начините за остварување на севкупниот раст иразвој на учениците, но она што е неопходно е предвиденото во нив да се применува во целост од сите вработени.
5. Училиштето започна со тимско работење што придонесе за поквалитетна работа така што треба да се води сметказа целосно вклучување на сите вработени, земајќи ги предвид нивните способности и желби.
6. Истовремено во училиштето постои потреба од поголема транспарентност при носењето на одлуки кои се од витално значење  за неговата работа.
7. Училиштето располага со добри просторни услови, наставни средства, наставен кадар и друг персонал. Наставата се изведува кабинетски што придонесува за реализација на поквалитетна и специјализирана воспитно-образовен работа.
8. Од страна на раководниот орган и од сите субјекти во оваа образовна институција се прифаќаат и практикуваат модерните текови и промени во образованието.
9. Учениците демократски партиципираат во севкупната работа на училиштето.
10. Во Училишниот одбор постои правична застапеност на сите членови по етничка, полова, образовна и социјална структура.

## Заклучоци од интегрална евалуација од ДПИ

Од извршениот интегрален увид од страна на ДПИ беа истакнати следниве заклучоци:

1. Во училиштето се реализира наставен план и програм во опишаниот обем , но нема посебни програми изготвени од Биро за образование за ученици со ПОП и различна попреченост во психофизичкиот развој.
2. Во училиштето се води добра евиденција за постигањата на учениците и еднакво се пристапува спрема учениците од различна полова,етничка и социјална припадност.
3. Хигиената се одржува на потребно ниво,редовно се одржуваат просториите, ходниците,санитариите и дворните места,но не се реновирани санитарните јазли,дел од административниот простор, покривот и инвентарот (столарија, подови, прозорци, табли).
4. Перманентно со сите субјекти се гради позитивна училишна клима низ изразен мултикултурализам.
5. Просторните капацитети на училиштето и опременоста се добри.

## SWOT-анализа

| Наши јаки страни (Strengths) | Наши слаби страни (Weaknesses) |
|---|---|
| 1. Редовно изготвување на годишни, тематски и тематско-процесни планирања;<br>2. Еднаков пристап спрема учениците од различна полова,етничка и социјална припадност;<br>3. Навремена и добра евиденција за постигањата на учениците;<br>4. Соодветен и стручен кадар, отворен за промени,користење на современи форми и методи во наставата и користење на ИКТ;<br>5. Задоволителни резултати на ученици независно од полова, етничка и социјална припадност на крајот од осмо, односно деветто одделение;<br>6. Отвореност на училиштето за соработка со родителите и нивно навремено информирање за напредокот и слабостите на нивните деца;<br>7. Обезбеден видео надзор и контрола од службата за обезбедување,технички персонал и дежурни наставници;<br>8. Еднаков третман на сите ученици (непостоење на етничка, полова, социјална и други видови на дискриминација);<br>9. Солидна и стручна квалификациска структура на вработени;<br>10. Вклученост на ученици во севкупната работа на училиштето преку демократска партиципација;<br>11. Правична застапеност на сите членови по етничка, полова и национална структура во Училишниот одбор. | 1. Дел од учениците кои се наши обврзници се запишуваат во други училишта;<br>2. Недоволна искористеност на постојните нагледни средства и помагала;<br>3. Оштетени санитарни простории за учениците и немање на доволен број на санитарни јазли за вработени;<br>4. Недоволна мотивираност на учениците за постигнување на поголеми резултати на наставни и воннаставни активности;<br>5. Привремено и периодично напуштање на наставно-образовниот процес на учениците од ромска националност;<br>6. Недоволна едуцираност на наставниците за работа со ученици со ПОП;<br>7. Потреба од дефектолог и од социјален работник за работа со деца со посебни потреби;<br>8. Влошена училишна клима;<br>9. Недоволна транспарентност при донесување на одлуки кои се од суштинско значење за животот и работата на училиштето. |
| **Можности (Opportunities)** | **Пречки (Threats)** |

| | |
|---|---|
| 1. Унифициран образец на оперативните планирања;<br>2. Формирање на база од инструменти за следење на постигањата на учениците по одделенија и предмети;<br>3. Размена на искуства и согледувања од содржини со примена на ИКТ;<br>4. Реализирање на содржини од Животни вештини поврзани со надминување на полови, етнички, социјални и други видови на предрасуди и стереотипи;<br>5. Зајакнување на соработката со родителите преку нивно поголемо вклучување во наставните и вон наставните активности во училиштето. | 1. Недоволен интерес за едуцирање на дел од наставниците за работа со ученици со ПОП;<br>2. Отсуство настручна подготовка за изготвување на ИОП за секој ученик со ПОП;<br>3. Неможност за отворање на нови работни места кога станува збор за вработувањена дефектолог или социјален работник;<br>4. Неприфаќање на укажувањата од наставниците упатени до родителите за последиците кај нивните деца од повремено напуштање на воспитно-образовниот процес;<br>5. Немање на интерес на дел од наставниците за формирање на база на податоци за децата кои живеат на реонот на училиштето;<br>6. Недоволно ангажирање на вработените во училиштето за афирмирање на постигањата на учениците;<br>7. Недоволна транспарентност при донесување на одлуки кои влијаат на севкупната работа на училиштето. |

## Мисија

***ВО УЧИЛИШТЕТО СОЗДАВАМЕ СРЕДИНА КАДЕ ШТО ДЕЦАТА ГИ ПОЧИТУВААТ ПОЕДИНЦИТЕ ОД РАЗЛИЧНИ КУЛТУРИ, УЧАТ ДА СТАНАТ СИГУРНИ, ПРОДУКТИВНИ, ПОЧИТУВАНИ И ОДГОВОРНИ ЛИЧНОСТИ НА НАШЕТО ОПШТЕСТВО.***

## Визија

***ОВА ЌЕ БИДЕ УЧИЛИШТЕ СО КРЕАТИВНА И ПОТТИКНУВАЧКА КЛИМА ВО КОЕ СЕ КОРИСТАТ СОВРЕМЕНИ МЕТОДИ СО КОИ СЕ ФОРМИРА МЛАД ЧОВЕК ОТВОРЕН И ПОДГОТВЕН ЗА ПОНАТАМОШНИТЕ ОБРАЗОВНИ, ПРОФЕСИОНАЛНИ И ЖИВОТНИ ПРЕДИЗВИЦИ.***

## Приоритети за подобрување на работата на училиштето

1.Зајакнување на соработката на наставниците на сите нивоа (предметна со одделенска, на ниво на генерации, наставници кои предаваат сродни предмети);

2.Организирање на обуки и семинари за наставниците за работа со ученици со ПОП;

3.Интензивирање на  додатна и дополнителната настава;

4.Заедничко и транспарентно донесување на одлуки кои се од големо значење за севкупната работа на училиштето;

5.Подигање на свеста кај родителите од ромска припадност за негативните последици од привременото и периодично напуштање на воспитно-образовниот процес.

# Развојни цели на училиштето

## Развојни цели, задачи и активности во рамки на приоритетите со фактори на поддршка и стратегии со кои тие се засилуваат

| **Развојна цел 1** | ***Поттикнување на заедничка соработка меѓу наставниците*** |
|---|---|
| **Отежнувачки фактори (фактори кои ја отежнуваат реализацијата на целта)** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори и кои придонесуваат за нивно совладување** |
| Недоволна мотивација за тимска работа меѓу наставници од сродни предмети и одделенска и предметна настава.<br>Недоволна соработка помеѓу вработените за подобрување на постигнувањата на учениците при преминот од еден циклус во друг.<br>Недостиг на време за заедничко дружење поради преоптовареност на наставници со работни обврски. | Почесто вклучување во тимска работа.<br><br>Размена на мислења меѓу одделенски и предметни наставници за разгледување на можностите и начините за подобрување на ученичките постигања.<br><br>При извршување на работните задачи, да се создадат услови и време за паузи кои ќе се користат за заедничко дружење. |
| **Фактори на поддршка (фактори кои засилуваат и мотивираат)** | **Стратегии со кои се засилуваат овие фактори** |
| Наградување и пофалување на наставниците за успешна тимска работа и соработка при извршување на различни работни задачи.<br>Заедничко извршување на различни активности во училиштето и надвор од него. | Заеднички индивидуални или средби на стручни активи за меѓусебно информирање на предметни наставници за постигнатите цели.<br><br>Организирање на формални и неформални заеднички средби за дружење и размена на искуства. |

| **Задача 1** | ***Да се идентификуваат проблемите на кои наидуваат наставниците за остварување на меѓусебна соработка*** | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Време** | **Носители на активностите** | **Критериуми за успех** |
| Изработка и спроведување на прашалник | септември, 2014 г. | Одделенски и предметни наставници | Добивање на соодветни сознанија од обработен прашалник. |
| Разгледување на анализа од добиени податоци | ноември, 2014 г. | Наставници | Идентифицирани проблемите на кои наидуваат наставниците за остварување на меѓусебна соработка. |
| Размена на мислења и давање на предлози за надминување на проблемите за поквалитетна меѓусебна соработка | јануари, 2015 г. | Директор, одделенски и предметни наставници, стручни соработници, | Разгледани и усвоени конкретни предлози за надминување на проблемите за остварување на квалитетна соработка меѓу наставниците. |

| **Задача 2** | ***Да се поттикне взаемна соработка меѓу наставниците од одделенска и предметна настава и сродни предмети*** | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Време** | **Носители на активностите** | **Критериуми за успех** |
| Организирање на заеднички состанок и договор за реализација на заеднички тековни активности-Стручен актив | март, 2015 г. | Наставници од предметна и одделенска настава | Договорена организација и реализација на тековни активности. |
| Организација и реализација на натпревари, манифестации квизови и сл. | од април, 2015 г. до април, 2016 г. | Наставници од предметна и одделенска настава | Успешно реализирани натпревари, манифестации,квизови и сл. |
| Формирање на заеднички активи за сродни предмети | мај, 2016 г.- мај, 2017 г. | Наставници од предметна и одделенска настава | Формирани заеднички активи за сродни предмети. |

| **Развојна цел 2** | ***Оспособување на наставниците за работа со ученици со ПОП со интензивирање на дополнителна настава*** |
|---|---|
| **Отежнувачки фактори (фактори кои ја отежнуваат реализацијата на целта)** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори и кои придонесуваат за нивно совладување** |
| Непостоење на модифицирани наставни планови и програми за работа со ученици со посебни образовни потреби изготвени од БРО.<br><br>Отежната соработка со ученици кои имаат потреба од дополнителни часови поради голем број на редовни часови.<br><br>Недостаток од обуки за откривање, работа и следење на ученици со ПОП. | Барање од соодветна установа (БРО и МОН) да се изготват соодветни наставни планови и програми за работа со ученици со ПОП.<br><br>Соодветно изготвен и флексибилен распоред на часови за учениците.<br><br>Барање од соодветна установа (БРО и МОН) за организирање на обуки за деца со ПОП. |
| **Фактори на поддршка (фактори кои засилуваат и мотивираат)** | **Стратегии со кои се засилуваат овие фактори** |
| Обучени неколку наставника за работа со деца со ПОП кои ќе извршат дисеминација на останатите наставници.<br><br>Презентирање на резултати од наставници кои на дополнителна настава користеле ИОП. | Барање од соодветна установа (БРО и МОН ) за организирање на обуки за деца со ПОП.<br><br>Мотивирање на наставниците за активно следење и вклучување во предвидените активности на Тимот за деца со ПОП.<br><br>Вклучување на стручни лица дефектолог и социјален работник како волонтери. |

| **Задача 1** | ***Прилагодување на наставните програми за подобрување на успехот на учениците кои имаат потреба од дополнителна настава*** | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Време** | **Носители на активностите** | **Критериуми за успех** |
| Разгледување на наставни програми заради подобар увид во можностите за прилагодување на наставниот материјал според способностите на учениците. | октомври, 2014 г. | Одд. и предм. наставници | Согледани можности за прилагодување на наставните програми според способности и можности на учениците. |
| Изготвени соодветни планирања според можностите и способностите на учениците. | јануари, 2015 г. - мај 2018 г. | Педагог, психолог,одд. и предм. наставници | Поголем дел од наставниците имаат изработени соодветни планирања според можностите и способностите на учениците. |
| Примена на изготвените планирања на часовите од дополнителна настава | континуирано | Наставници | Подобрен успех на учениците. |
| **Задача 2** | ***Имплементација на современи методи и техники на учење добиени од стручно усовршување за зголемен квалитет на часовите по дополнителна настава и подобрување на напредокот на учениците*** | | |
| **Активности** | **Време** | **Носители на активностите** | **Критериуми за успех** |
| Анкетирање на наставници за потреба од обуки за примена на нови форми и методи за подобрување на работа со деца со ПОП | февруари,2015 г. | Тим за работа со деца со ПОП | Идентификувани 10 наставника кои пројавуваат интерес и желба за обука за примена на нови форми и методи за подобрување на воспитно образовниот процес |
| Поднесено барање до соодветни институции за стручно усовршување на различни теми за работа со деца со ПОП | април, 2015 г. | Директор и Тим за работа со деца со ПОП | Обезбедени соодветни едукатори за работа со деца со ПОП. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Присуство на обуки, работилници и сл. | септември, 2016 г. | Одд. и предм. наставници | Обучени 10 наставници за работа со деца со ПОП. |

| **Развојна цел 3** | ***Подобрување на училишна клима*** |
|---|---|
| **Отежнувачки фактори (фактори кои ја отежнуваат реализацијата на целта)** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори и кои придонесуваат за нивно совладување** |
| Недоволна и несоодветна комуникација на релација професор - родител, професор-професор,професор- стручни соработници.<br><br>Преобемна наставна програма,голем фонд на часови што резултира со недостиг на време за соработка меѓу сите релевантни субјекти.<br><br>Преобемна администрација за наставниот кадар и стручните соработници и другите вработени во училиштето. | Поттикнување на вработените за остварување на соодветнакомуникација на релација професор - родител, професор-професор, професор-стручни соработници.<br><br>Намалување на обемот на наставната програма.<br><br>Поедноставување или намалување на административните обврски за сите вработени во училиштето. |
| **Фактори на поддршка (фактори кои засилуваат и мотивираат)** | **Стратегии со кои се засилуваат овие фактори** |
| Едукација за вештини на комуникација за сите релевантни фактори во училиштето.<br><br>Изготвување на образец за изготвување на наставни планови и програми.<br><br>Изготвување на соодветни обрасци за поедноставување на административните работи за училиштето. | Оспособување на дел од наставниците за вештини на комуникација.<br><br>Договор за примена на изготвен образец за наставни планови и програми и завршување на административни работи. |

| **Задача 1** | ***Унапредување на комуникацијата меѓу вработените и ученикот и наставникот*** | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Време** | **Носители на активностите** | **Критериуми за успех** |
| Утврдување на тековната состојба за стиловите и начините за комуникација меѓу вработените. | октомври, 2016 г. | Наставници и стручни соработници | Утврдени стилови и начини за комуникација меѓу вработените. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување на работилници и предавања за успешна комуникација меѓу вработените. | декември, 2016 г. | Наставници, ученици и стручни соработници | Едуцирани вработени и ученици со стекнати вештини за подобрена комуникација. |
| Организирани дружења преку екскурзии, забави и спортски активности. | јануари, 2016 г. - мај, 2017 г. | Наставници, ученици и стручни соработници | Подобрени меѓусебни односи меѓу вработените и учениците. |
| **Задача 2** | ***Одржување на континуирана соработка и залагање за подобрување на училишната клима*** | | |
| **Активности** | **Време** | **Носители на активностите** | **Критериуми за успех** |
| Изготвување на прашалници со кои ќе се направи проверка на моменталната состојба за климата во училиштето. | ноември,2016 г. | Наставници одговорни за подрачјето ЕТОС од училишната самоевалуација | Добиени релевантни податоци за училишната клима од поголемиот број наставници, ученици и родители. |
| Подготовка на заеднички креативни работилници по различни поводи со учество на родители, наставници и ученици. | декември,2016 г. – април,2018 г. | Наставници, родители и ученици | Организирани 10 креативни работилници со ученици, наставници и ученици. |
| Презентација на изработките од заедничките работилници. | мај, 2018 г. | Наставници, родители и ученици | Успешно и соодветна организирана и реализирана презентација на изработки. |

| **Развојна цел 4** | ***Подигање на свеста на родителите и учениците за негативните ефекти од привремено или повремено напуштање на наставно образовниот процес*** |
|---|---|
| **Отежнувачки фактори (фактори кои ја отежнуваат реализацијата на целта)** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори и кои придонесуваат за нивно совладување** |

| | |
|---|---|
| Недоволна заинтересираност на дел од родителите за значењето и важноста на воспитно образовниот процес.<br><br>Низок економско социјален статус.<br><br>Неповолна образовна структура на родителите. | Едукација на родителите за значењето и важноста на образованието и воспитанието.<br><br>Барање на соодветна помош од невладини и владини организации.<br><br>Вклучување на родителите во различни облици на неформално образование. |
| **Фактори на поддршка (фактори кои засилуваат и мотивираат)** | **Стратегии со кои се засилуваат овие фактори** |
| Редовна комуникација помеѓу училиштето и семејството.<br><br>Организирање на различни активности (работилници, трибини, советувања и сл.) за родителите.<br><br>Пружање на поддршка за учениците и родителите во постигнување на успех во учењето. | Одржување на консултативни средби со родители на учениците кои отсуствуваат од наставата.<br><br>Вклучување на родители,ученици и наставници во работилници . |

| **Задача 1** | ***Давање на соодветна поддршка и помош на учениците кои подолго или повремено отсуствуваат од наставата.*** | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Време** | **Носители на активностите** | **Критериуми за успех** |
| Формирање на тим за помош и соработка. | септември,2017 г. | Родители,наставници и стручни соработници | Формиран тим од 8 родители,8 наставници и 2 стручни соработника. |
| Изработка на програма за работа на тимот. | ноември, 2017 г. | Директор, помошен директор, родители,наставници | 15 наставници запознаени со програмата и активностите на тимот. |
| Реализација на активностите од програмата. | декември, 2017 г. – јуни, 2018 г. | Родители,наставници и стручни соработници | Организирани и реализирани 8 активности од програмата. |
| **Задача 2** | ***Советување,консултации, разговори и укажувања на родителите и учениците за негативните ефекти од нередовноста.*** | | |
| **Активности** | **Време** | **Носители на активностите** | **Критериуми за успех** |
| Изработка на календар за реализација на работилници со | јануари, 2018 г. | Родители,наставници и стручни соработници и претставници | Соодветно изработен календар ираспоред со предвидени работилници. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ученици и родители. | | од НВО | |
| Реализација на работилници со учениците и родителите. | февруари, 2018 г. - мај, 2018 г. | Родители и наставници | Реализирани 4 работилници со ученици и родители. |
| Анализа на резултати. | јуни,2018 г. | Родители,наставници и стручни соработници | Добиени податоци за квалитетот на организираните и реализираните работилници. |

## План за евалуација на предвидените цели

Предметот на евалуација на поставените развојни цели ќе бидат постигнатите резултати од сите преземени активности предвидени за реализација од горенаведените приоритетни области.

| **Развојна цел 1** | ***Поттикнување на заедничка соработка меѓу наставници*** | | |
|---|---|---|---|
| **Задача 1** | ***Да се идентификуваат проблемите на кои наидуваат наставниците за остварување на меѓусебна соработка*** | | |
| **Критериум** | **Инструмент / форма на работа** | **Носители** | **Време на реализација** |
| Добивање на соодветни сознанија од обработен прашалник. | Прашалник | Наставници од предметна и одделенска настава | септември, 2014 г. |
| Идентифицирани проблемите на кои наидуваат наставниците за остварување на меѓусебна соработка. | Анализа од прашалник | Наставници | ноември, 2014 г. |
| Разгледани и усвоени конкретни предлози за надминување на проблемите за остварување на квалитетна соработка меѓу наставниците. | Дискусија | Директор, одд. и предметни наставници, стручни соработници, | јануари, 2015 г. |
| **Задача 2** | ***Да се поттикне взаемна соработка меѓу наставниците од одделенска и предметна настава и сродни предмети*** | | |
| **Критериум** | **Инструмент / форма на работа** | **Носители** | **Време на реализација** |
| Договорена организација и реализација на тековни | Стручен актив | Наставници од предметна и | март, 2015 г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| активности. | | одделенска настава | |
| Успешно реализирани натпревари, манифестации,квизови и сл. | Презентација на резултати | Наставници од предметна и одделенска настава | Од април, 2015 г. – април, 2016 г. |
| Формирани заеднички активи за сродни предмети. | Постигнат договор на Наставнички совет | Наставници од предметна и одделенска настава | мај, 2016 г.- мај, 2017 г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2** | ***Оспособување на наставниците за работа со ученици со ПОП со интензивирање на дополнителна настава*** | | |
| **Задача 1** | ***Прилагодување на наставните програми за подобрување на успехот на учениците кои имаат потреба од дополнителна настава*** | | |
| **Критериум** | **Инструмент/форма на работа** | **Носители** | **Време на реализација** |
| Согледани можности за прилагодување на наставните програми според способности и можности на учениците. | Стручен актив | Сите наставници од предметна и одделенска настава | октомври, 2014 г. |
| Поголем дел од наставниците имаат изработени соодветни планирања според можностите и способностите на учениците. | Чек-листа | Педагог, психолог, одд. и предм. наставници | јануари, 2015 г. -мај, 2018 г. |
| Подобрен успех на учениците. | Анализа на успех | Наставници | континуирано |
| **Задача 2** | ***Имплементација на современи методи и техники на учење добиени од стручно усовршување за зголемен квалитет на часовите по дополнителна настава и подобрување на напредокот на учениците*** | | |
| **Критериум** | **Инструмент/форма на работа** | **Носители** | **Време на реализација** |
| Идентификувани 10 наставници кои пројавуваат интерес и желба за обука за примена на новиформи и методизаподобрување на воспитно образовниот процес. | Прашалник | Тим за работа со деца со ПОП | февруари, 2015 г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Обезбедени соодветни едукатори за работа со деца со ПОП. | | Директор<br>Тим за деца со ПОП, | април, 2015 г. |
| Обучени 10 наставници за работа со деца со ПОП. | Едукација | Одд. и предм. наставници | септември, 2016 г. |

| **Развојна цел 3** | ***Подобрување на училишна клима*** | | |
|---|---|---|---|
| **Задача 1** | ***Унапредување на комуникациија меѓу вработените и ученик-наставник*** | | |
| **Критериум** | **Инструмент/форма за работа** | **Носители** | **Време на реализација** |
| Утврдени стилови и начини за комуникација меѓу вработените. | Кодекси на однесување | Наставници и стручни соработници | октомври, 2016 г. |
| Едуцирани вработени и ученици со здобиени вештини за подобрена комуникација. | Едукација | Наставници, ученици и стручни соработници | декември, 2016 г. |
| Подобрени меѓусебни односи меѓу вработените и учениците. | Чек-листа | Наставници, ученици и стручни соработници | јануари, 2016 г. - мај, 2017 г. |
| **Задача 2** | ***Одржување на континуирана соработка и залагање за подобрување на училишната клима*** | | |
| **Критериум** | **Инструмент/форма за работа** | **Носители** | **Време на реализација** |
| Добиени релевантни податоци за училишната клима од поголемиот број наставници, ученици и родители. | Чек-листа | Наставници одговорни за подрачјето ЕТОС од училишната самоевалуација | ноември, 2016 г. |
| Организирани 10 креативни работилници со ученици, наставници и ученици. | Работилници | Наставници, родители и ученици | декември, 2016 г. - април, 2018 г. |
| Успешно и соодветна организирана и реализирана презентација на изработки. | Презентација | Наставници, родители и ученици | мај, 2018 г. |

| **Развојна цел 4** | ***Подигање на свеста на родителите и учениците за негативните ефекти од привремено или повремено напуштање на наставно образовниот процес*** | | |
|---|---|---|---|
| **Задача 1** | ***Давање на соодветна поддршка и помош на учениците кои подолго или повремено отсуствуваат од наставата*** | | |
| **Критериум** | **Инструмент/ форми за работа** | **Носители** | **Време на реализација** |
| Формиран тим од 8 родители,8 наставници и 2 стручни соработника. | Тимска работа | Родители,наставници и стручни соработници | септември, 2017 г. |
| 15 наставника запознаени со програмата и активностите на тимот. | Едукација | Директор, помош.директор, родители и наставници | ноември, 2017 г. |
| Организирани и реализирани 8 активности од програмата. | Работилници | Родители,наставници и стручни соработници | декември, 2017 г. – јуни, 2018 г. |
| **Задача 2** | ***Советување,консултации, разговори и укажувања на родителите и учениците за негативните ефекти од нередовноста*** | | |
| **Критериум** | **Инструмент/ форма за работа** | **Носители** | **Време на реализација** |
| Соодветно изработен календар и распоред со предвидени работилници. | Работилница | Родители,наставници и стручни соработници и претставници од НВО | јануари, 2018 г. |
| Реализирани 4 работилници со ученици и родители. | Работилница | Родители и наставници | февруари, 2018 г. – мај, 2018 г. |
| Добиени податоци за квалитетот на организираните и реализираните работилници. | Чек-листа | Родители,наставници и стручни соработници | јуни, 2018 г. |

## ЗАКЛУЧОК

1.Во наредниот период преку различни средби, работилници и размена на искуства ќе се работи на подигање на повисоко ниво на соработката меѓу одделенските и предметните наставници во училиштето за унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес.

2.Едукацијата на наставниците за работа со ученици со ПОП ќе се интензивира и продлабочи со примена на различни современи методи, постапки и техники.

3. Преку разни дружења, работилници, меѓусебна помош, флексибилност и толеранција, ќе се работи на создавање на релаксирачка работна атмосфера и на подигање на општата позитивна клима во училиштето.



4.Особено внимание ќе се посвети на организирање на индивидуални и групни советувања,предавања и препораки, како и информирање на родителите на учениците Роми за важноста од континуиран воспитно-образовен процес заради подобро напредување и успех на истите.

5. Современите цивилизациски процеси очекуваат обучени, оспособени и креативни наставници со усвоени и применливи вештини и знаењакои целосно ќе се интегрираат во новите трендови на современото образование во регионот и пошироко.

**Во прибирањето на податоците и пополнување на Развојниот план на училиштето учествуваа сите наставници и стручни соработници од училиштето.**

**Во дизајнирањето и уредувањето на содржините од Развојниот план на училиштето учествуваа:**

**Ненад Начковски - предметен наставник**
**Светлана Стојановска - училиштен психолог**

**јуни, 2014 год.**